# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 141/17 КО БАШИНО СЕЛО-ВГР, ОПШТИНА ВЕЛЕС

## ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.32/20), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастаруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 141/17 КО Башино село-вгр, Општина Велес** е во согласност со член 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) може да се уредуваат поединечни градби како што се **други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.**

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на викенд куќа.

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 141/17 КО Башино село-вгр, Општина Велес** се наоѓа северно од Башино Село, во близина на Езерото Младост, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот асфалтиран локален пат кој се наоѓа на северозападната страна.

Границите на проектниот опфат се:

- На **североисток** се движи по границата со КП 141/16 КО Башино село-вгр,
- На **југоисток** продолжува да се движи по дел од границата со КП 783 КО Башино село-вгр,
- На **северозапад** се движи по дел од границата со постојниот локален пат Велес-Отовица КП 140 КО Башино село-вгр,

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 0,23 ha (2264,4316м$^2$) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

| | |
|---|---|
| 1. | X=7564650.2500 Y=4625096.5200 |
| 2. | X=7564640.1400 Y=4625110.6200 |
| 3. | X=7564619.9000 Y=4625100.1600 |
| 4. | X=7564598.1700 Y=4625078.7200 |
| 5. | X=7564572.3800 Y=4625048.8400 |
| 6. | X=7564593.7100 Y=4625051.9500 |
| 7. | X=7564618.6600 Y=4625064.4000 |
| 8. | X=7564643.5400 Y=4625071.3500 |
| 9. | X=7564659.3700 Y=4625073.4200 |
| 10. | X=7564666.3700 Y=4625074.3400 |
| 11. | X=7564663.6100 Y=4625077.9700 |
| 12. | X=7564659.5300 Y=4625083.3700 |
| 13. | X=7564652.2400 Y=4625093.6900 |

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 141/17 КО Башино село-вгр, Општина Велес,** треба да се разработи градежна парцела со утврден простор определен со градежни линии за изградба на викенд куќа.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20), се планира следната поединечна намена:

**А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување**

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на стационарниот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) за класата на намена А4 – ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ потребно е да се обезбеди:

„1 паркинг место на 8 легла".

**Проектниот дел** на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Потребно е да се предвиди приклучок на објектот на постојните инсталации за водовод (сопствен бунар), канализација (септичка јама) и електрична енергија.

**ИНВЕСТИТОР**
Ристе Каров